# Ново Срце

**Неделен Христијански Интернет Билтен** **Година V. бр. 173. Дата: 29. 04. 2013.**

## Мудар и глупав градител

Исус често користеше споредби од секојдневниот живот, со цел да ги поучи луѓето на важна духовна вистина. Во една прилика, Тој ја кажа следнава споредба, за двајца градители:



*„И така, секој, што ги слуша и ги исполнува овие Мои зборови, ќе биде како* ***мудар човек****, кој си направил куќа на камен. И заврна дожд и надојдоа реки, и дувнаа ветрови, и навалија на таа куќа, но таа не падна, оти беше изградена на камен.*

*А секој, што ги слуша овие Мои зборови и не ги исполнува, прилега на* ***глупав човек****, кој си направил куќа на песок. И заврна дожд, и надојдоа реки, и дувнаа ветрови, и навалија на таа куќа, и таа падна, а паѓањето и беше страшно.”* **(Матеј 7:24-27)**

Постојат два вида луѓе; првите, својот живот го темелат на Христовите зборови и учење. Своето спасение го градат на верата во Христос и на Неговата жртва на крстот. Тие решиле Христовото учење да го спроведат на дело. Живеат чесно, свето и богоугодно. Од нивната уста не излегуваат пцости, навреди, клетви или лаги. Тие се учат да не возвраќаат на направеното зло и да ја простуваат неправдата. Се учат да бидат добротвори и да им помагаат на луѓето во неволја. Христос е извор на нивната сила и нивно спасение, а Божјите ветувања од Библијата се нивната утеха и надеж. И кога ќе дојдат проблемите и искушенијата во нивниот живот, тие се надеваат на Него. Кога ќе дојде судот Божји, тие нема да бидат посрамени, бидејќи нивната вера била заснована на цврст темел, на карпата-Исус Христос.

Токму затоа, таквиот човек може да се спореди со ѕидар кој својата куќа ја гради на цврсти и сигурни темели, што ни силни води и бури не може да ја однесат.

Вториот вид луѓе се оние кои знаат за Исус, дури им е познато и Неговото учење, а веројатно и се нарекуваат христијани. Но, тие никогаш својот живот не го довериле во Христовите раце; никогаш не се научиле да Му веруваат; никогаш не му го предале срцето и не дозволиле Тој да ги очисти од гревот. Таквите луѓе можеби и носат ланче со крст, или си чуваат Библија од нивната баба (или подарена од некој пријател). Можеби и ќе отидат на црква за Божиќ и Велигден. Но и покрај тоа, тие својот живот го темелат на принципите и нормите на овој свет: живеат себично, уживаат во гревот, трчаат по земна слава и моќ, се надеваат на својата самоправедност,на нивните религиозни ритуали, на стекнатото знаење, на високата позиција во општеството, на натрупаното богатство и на земниот живот.



За жал, сите овие наброени нешта, ќе паднат како куќа изградена на песок, кога ќе дојдат бурите во животот; и кога ќе загубат се, на што и на кого ќе се надеваат. А уште пострашно ќе биде за овие луѓе, кога ќе застанат пред Божјиот суд. Тогаш нивната самоправедност ќе биде како извалкани алишта, а осудата ќе биде страшна.

**Кој е темелот на кој ТИ го градиш твојот живот? Ќе издржи ли кога ќе дојдат бурите?**

**Адреса: „Ново Срце“, П. Фах 135, Неготино, 1440. Е-пошта : novosrce1@gmail.com**